**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, бр.10-6532/1 од 19.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 19.12.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 6576 | 1 | |

во 14:45

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, бр.10-6532/1 од 19.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се: член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, бр.10-6532/1 од 19.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 19.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, бр.10-6532/1 од 19.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг), бр.10-6532/1 од 19.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година, кој се однесува на целиот период од изборната кампања, во овие 19 дена од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, што емитува програма на македонски јазик, на регионално ниво (Д1), не се регистрирани програми кои според Методологијата, се релевантни за оценката за начинот на покривање на Предвремените парламентарни избори. РА Сити емитуваше само платено политичко рекламирање, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________
4. Цветин Чилиманов ____________